**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

**Комисија за селекција за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес**

Бр. 02-4323/1
18 октомври 2023 година
Велес

Врз основа на член 17, 17-б и 17-в и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Републиика Македонија" бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.75/19, 89/22 и 274/22), како и чл.4 и чл.5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Службен весник на Републиика Северна Македонија" бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие „Дервен" Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/23 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Зорица Миладиновска-заменик член
3.Галабинка Манева-член

за својата работа, го изготви следниот

## ЗАПИСНИК

Состанокот на Комисијата одржан на 18 октомври 2023 година, започна во 11,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа заменик членот Зорица Миладиновска и членот Галабинка Манева.

Комисијата констатираше дека на Јавниот повик уредно се пријавени 2 (двајца) кандидати.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатите за членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Дервен, уредно пријавени

на Јавниот повик за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП Дервен Велес бр.25-2123/23 од 27.04.2023 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесените пријави со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија.

Со оглед на тоа што Комисијата утврди дека пријавените кандидати не ги испонуваат условите утврдени во Јавниот повик, согласно член 17-в став 2, постапката на селекција за овие кандидати завршува.

Состанокот на Комисијата заврши во 12,30 часот.

**Комисија за селекција за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие „Дервен" Велес**

Марија Чатмова, Претседател-----------------
Зорица Миладиновска, заменик член_____
Галабинка Манева, Член__________________